Предлог

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24), член 58 став 2 и 4 од Законот за ученичкиот стандард („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/05, 117/08, 17/11, 135/11, 15/13, 41/14, 146/15, 30/16, 64/18 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 248/20, 302/20, 235/24 и 111/26) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр.01/26),

Советот на Општина Велес на 17-та седница одржана на ден __.10.2026 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за констатирање престанок на мандат на претставник на Општина Велес за член на Управниот одбор во ОУД „Лазар Лазаревски“, Велес**

1. Со ова решение се констатира престанок на мандат на претставник на Општина Велес за член на Управниот одбор во ОУД „Лазар Лазаревски“, Велес:

   - Добривое Пауновски.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Образложение:**

На ден 15.10.2026 година до Советот на Општина Велес, од страна на директорот на ОУД „Лазар Лазаревски“, Велес доставено е Известување со бр.09-4376/2 дека од страна на членот на Управниот одбор во ОУД „Лазар Лазаревски“, Велес е доставено Барање за разрешување на Добривое Пауновски, член на Управниот одбор.

Воедно, од страна на именуваниот член Добривое Пауновски до Советот на Општина Велес е доставено Барање за разрешување на член од управен одбор со бр.09-4376/1 од 15.10.2026 година.

Советот на Општина Велес, на 3-та седница одржана на ден 14.11.2025 година, донесе Решение за именување претставници на Општина Велес за членови на Управниот одбор на ОУД „Лазар Лазаревски“, Велес со бр.25-5330/76 од 14.11.2025 година со кое се именува: Добривое Пауновски.

Согласно член 58 став 2 од Законот за ученичкиот стандард („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/05, 117/08, 17/11, 135/11, 15/13, 41/14, 146/15, 30/16, 64/18 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 248/20, 302/20, 235/24 и 111/26): „Управниот одбор во јавните ученички домови е составен од седум члена, и тоа: двајца претставници од воспитувачите и стручните соработници, еден претставник од родителите, односно старателите на учениците, тројца претставници од основачот и еден претставник од министерството“ и став 4 „Претставниците на основачот за државните ученички домови ги именува и разрешува Владата, а за општинските и домовите на градот Скопје, советот на општината, односно Советот на градот Скопје“.

Согласно член 55 од Статутот на ОУД Лазар Лазаревски:

„Мандатот на членовите на управниот одбор може да престане и пред истек на мандатот:
-по негово барање;
-со отповикување;
-ако престане работниот однос;
-ако не е родител или старател на ученик кој престојува во домот“.

Врз основа на горенаведеното, се предлага ова Решение до Советот на Општина Велес.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 202/24), член 58 став 2 и 4 од Законот за ученичкиот стандард („Службен весник на Република Македонија" бр. 52/05, 117/08, 17/11, 135/11, 15/13, 41/14, 146/15, 30/16, 64/18 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 248/20, 302/20 и 235/24) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06, 03/09, 18/10,15/14,15/18, 06/19 и 8/21)

Советот на Општина Велес на 3-та седница одржана на ден 14.11.2025 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување членови на Управниот одбор во ОУД „Лазар Лазаревски", Велес**

1. Со ова Решение за членови, на Управниот одбор на ОУД „Лазар Лазаревски", Велес, претставници на Општина Велес, се именуваат:

   - Ѓорѓина Ристовска,
   - Марина Радевска и
   - Добривое Пауновски

2. Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 25-5330/76
14.11.2025 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски

Доставено до:
- Градоначалник;
- ОУД „Лазар Лазаревски", Велес;
- лицата и
- Списи и архива.

Архивски знак: _____
Рок на чување: _____
_____ 20 ____ год.
Потпис,

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВЕЛЕС

Прим. 15 -10- 2026

| Орг. един. | | Бројност |
|---|---|---|
| 09-4376/1 | 1 | |

**До**

**- Совет на Општина Велес;**

**- ОУД Лазар Лазаревски Велес.**

**Предмет: Барање за разрешување на член од управен одбор**

Почитувани,

По сопствено барање Ве молам да ме **разрешите од член на Управен одбор на ОУД „Лазар Лазаревски“ Велес,** со кој што сум именуван од страна на Совет на Општина Велес.

Ова Барање Ви го доставувам поради спречување на можен судир на интереси и почитување на законските ограничувања поврзани со вршењето на функцијата в.д. директор.

Ви благодарам за укажаната доверба.

Со почит,

14.10.2026 година

**Барател:**

**Добривое Пауновски**

**072/321-281**

Општински ученички дом
ЛАЗАР ЛАЗАРЕВСКИ
Бр. 08-282/1
15.10.2026 год.
Велес

Архивски знак: _____
Рок на чување: _____
_____ 20 ____ год
Потпис,

До
Совет на Општина Велес
ул:„Панко Брашнар“бр.1

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВЕЛЕС
Прим. 15 -10- 2026
Орг. ед. | Број | Прилог | Вредност
09-4376/2 1

Предмет: Известување

Почитувани,

Ве известуваме дека именуваниот член на Управен одбор во ОУД„Лазар Лазаревски“Велес Добривое Пауновски именуван од Совет на Општина Велес со Решение со Ваш број 25-5330/76 од 14.11.2025 година, на ден 15.10.2026 година до Архивата на ОУД„Лазар Лазаревски“Велес, поднесе барање за разрешување на член од управен одбор.

Известувањето Ви го доставуваме за Ваше понатамошно постапување.

Со почит,

ОУД„Лазар Лазаревски“Велес
В.Д.Директор,

Василка Ѓурчиновски